„Навистина, Аллах на мојот умет ќе му го прости она си го помислуваат, сè додека не го спроведат во дело или не го изразат со зборови.“

Од Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Навистина, Аллах на мојот умет ќе му го прости она си го помислуваат, сè додека не го спроведат во дело или не го изразат со зборови.“

[متفق عليه] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известува дека муслиманот нема да биде повикан на одговорност за лошите мисли кои му минуваат низ срцето, сè додека не ги спроведе во дело или не ги изрази со зборови. Аллах ја отстранил тешкотијата и го простил тоа, па не го задолжил уметот на Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, за она што му поминува низ мислите или моменталните колебања во душата, сè додека срцето не се увери во тоа и не го прифати. Но, ако тоа се вкорени во срцето, како гордоста, самобендисаноста или лицемерството, или ако човекот го изрази со зборови или го спроведе во дело, тогаш ќе биде повикан на одговорност за тоа.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/58144